**Извештај**
**за реализирани активности по Програмата за локален економски развој**
**за 2022 година**

Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка успеа делумно да ја имплементира Програмата за локален економски развој за 2022 година поради условите со пандемијата со Ковид -19. Во текот на 2022 година за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, беа реализирани следните активности:

**Подоготовка на проектни апликации ,аплицирање и реализација на проектите согласно стратешките документи и годишните програми на општината**

Во 2022 година беа подготвени, аплицирани и реализирани следните проекти:

Создавање на услови за рурален развој во с. Кркља преку изградба на локална патна инфраструктура. Проектот беше подготвен и аплициран на Јавен повик за прибирање на предлог-проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби , Програма за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година. Со проектот е предвидено изградба на локален пат во должина од 1485,92м. Вкупна вредност на проектот изнесува 13.785.894,3 денари со ДДВ. Проектот е одобрен и е во тек на реализација.

Создавање на услови за развој на урбаните подрачја во општина Крива Паланка . Проектот беше подготвени и аплициран на Јавен повик за прибирање на предлог-проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година. Со проектот е предвидена реконструкција на улица Македонска и кракот во должина од 692,96м, изградба на дел од улица Баглачка во должина од 142,50м, изградба на дел од улица Осоговска во должина од 137,64м и изградба на улица Климент Охридски во должина од 250м. Вкупна вредност на проектот изнесува 15.408.090,00 денари со ДДВ Проектот е одобрен и е во тек на реализација.

Изградба на локален пат Кр.Паланка-Варовиште-Кошари-Б’с Општина Крива Паланка во должина од 2км .Проектот беше подготвен и аплициран на Јавниот повик за прибирање на предлог -проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој. . Вкупната вредност на проектот изнесуваше 21.058.763 денари со ДДВ , но истиот беше одбиен.

Подобрување на инфраструктурата во Североисточниот регион за подобар пристап до туристичките локалитети, подпроект Реконстукција на ул.Св.Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2, Општина Крива Паланка фаза 1 од 0+000.00 до 0+400.01 и фаза 2км 0+400.00 до 0+799.03 аплициран преку Североисточниот плански регион по Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023, Предлог проекти за развој на планските региони .Истиот е одобрен и во тек е реализација.

Изградба на регулација на минор корито на Крива Река – дел 4 во должина од 200м .

Проектот беше подготвен и аплициран на Јавниот повик од Министерство на животна средина и просторно планирање по Програмата за управување со водите за

2022 година за „Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода од делот III, точка 2.Вкупна вредност на проектот износуваше 6.297.683,60 денари со ДДВ. Проектот беше одобрен и завршен.

Изградба на дополнителна линија од канализациона мрежа за отпадни води во н.м. Миждивњак , Општина Крива Паланка.

Проектот е подготвен и аплициран на јавниот повик за добивање на средства од Програмата за инвестирање во животна средина за 2022 година. Вкупна вредност на проектот износуваше 2.405.908,00 денари со ДДВ.Проектот е одобрен и во тек е реализација.

Тампонирање на локални пристапни патишта во м.в.Трнци, село Конопница, Општина Крива Паланка во должина од 650м.

Проектот е аплициран преку Североисточен Плански Регион по Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година, објавен преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.Вкупна вредност на проектот е 1.000.000 денари со ДДВ.

Истиот беше одобрен и завршен.

Изградба на општински пристапен пат Мизовски Ливади – с. Градец до фаза тампонирање во должина од 550м.

Проектот е аплициран по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, мерка 124 Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството , Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште.

Вкупна вредност на проектот изнесува 1.400.000 денари. Проектот беше одобрен и е во тек на реализација.

Проект: Да ги поврземе бисерите

Финансиран од првиот повик од ИПА програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Р.С. Македонија и Србија.

Проектот беше реализиран во соработка со Град Лесковац како водечки партнер и Центарот за развој на Јабланичкиот и Пчињскиот округ од Србија и Општина Крива Паланка како партнери во проектот.

Реализацијата на проектот започна од 01.04.2021 година со времетраење од 18 Месеци.

Специфичната цел на проектот: Мобилизирање на културните и природните ресурси за заеднички развој на одржливи туристички производи и дестинации.

Резултати од реализацијата на проектот: Подобрен квалитет и видливост на туристичката понуда во регионот.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Формиран заеднички комитет за следење;
- Мапирање и анализа на туристички локалитети во прекуграничниот регион;
- Развиена заедничка база на информации;
- Работилници на ниво на претставници на заинтересирани страни:
    - Работилница за интегрирано планирање,
    - Работилница за СМАРТ планирање,
    - Работилница за одржливост.

Градежни работи од мал обем: Во рамки на проектот во делот на инвестициските активности кои се реализираа во општина Крива Паланка е уредување на пешачка патека од училиштето во с.Станци до локалитет Станечки водопади и од Станечки водопади до

локалитет Ловечка куќичка со вкупна должина од 4300 метри како и уредување на просторот околу водопадите.
- Организирани настани:
  - Зелен викенд во Лесковац, настан од гастрономски и забавен карактер, и
  - Зелен викенд во Крива Паланка настан од спортски карактер.
- Развиена на заедничка веб платформа;
- Развиена систем со QR кодови;
- Развиен, дизајниран и испечатен повеќејазичен туристички водич;
- Изработени матријали за визибилност;
- Одржана колаборативна работилница за тур-оператори;
- Колаборативна работилница за тур-оператори;
- Работилница за размена и десеминација.

Вкупен заеднички буџет 236 444,50 евра.
Проектот е реализиран

Наслов на проект: Земја на легендите
Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија 2016-2020 година според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), распределби 2018, 2019 и 2020 година.
Буџетска линија(и): BGUE-B2018-22.020401, BGUE-B2019-22.020401, BGUE-B2020-22.020401Референца: EuropeAid/173818/ID/ACT/Multi
Проектот е алициран во партнерство помеѓу општина Крива Паланка и Град Лесковац.
Специфична цел 2.1: Мобилизирање на културните и природните ресурси за заеднички развој на одржливи туристички производи и дестинации.
Резултат 2.1.2 Подобрени се квалитетот и видливоста на туристичките понуди.
Општа цел: да се подобри квалитетот на искуствата на посетителите преку подобрена слика и видливост на туристичките понуди и дестинации во градот Лесковац, областа Јабланица, Србија и општина Крива Паланка, Североисточниот регион, Северна Македонија.
Специфична цел: да се зајакне заедничката туристичка слика на целната област преку имплементација на модел за прекугранично јавно-приватно партнерство преку развој на заеднички креативни туристички понуди засновани на заедничко природно, културно и историско наследство.
Активности:
Активност 1.1. Почетен состанок на партнери.
Активност 1.2. Состаноци на заедничката управна група.
Активност 1.3. Заедничко управување со проекти и координација
Активност 1.4. Сесии на мрежата за прекугранична соработка со засегнати страни
Активност 1.5. Мали инвестиции во туристичка инфраструктура на природниот локалитет „Соколица“ во Лесковац
Активност 1.6. Мали инвестиции во туристичка инфраструктура на културно-историскиот локалитет „Градец“ во Крива Паланка
Активност 2.1. Развој на промотивни алатки и комплет за комуникација и видливост на терен
Активност 2.2. Промоција на природниот локалитет „Соколица“ во Лесковац
Активност 2.3. Промоција на културно-историскиот локалитет Градец во Крива Паланка
Активност 2.4. Организација на заедничка изложба на отворено „Земја на легендите“ во градот Лесковац
Активност 2.5. Организација на регионална прекугранична конференција за туризам во Крива Паланка
Вкупен планиран буџет: 206610 евра.

Проектот е во пред-договорна фаза на одобрување.

Проект: Одржливо искористување на културното наследство на Дупница и Крива Паланка. Финансиран од првиот повик од ИПА програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Р.С. Македонија и Бугарија.
Проектот беше реализиран во соработка со општина Дупница како водечки партнер.
Код на проектот: CB006.2.21.150
Повик: CB006.2
Приоритет: 2.1. Зголемување на туристичкиот потенцијал во регионот преку подобра заштита и одржливо користење на природното и културното наследство
Вид на проектот:Инвестициски
Времетраење на проектот (во месеци):24
Вредност на договорот:459435.02 €
Кофинансирање од ЕУ:85.00 %
Датум на започнување на проектот:20.01.2021
Датум на завршување на проектот:19.01.2023
Поле на интервенција:094 Заштита, развој и промоција на јавни вредности од културата и историското наследство.
Партнери
Водечки партнер: Општина Дупница
Партнер 1 : Општина Крива Паланка
Резиме на проектот:
Општата цел на проектот е подобрување на пристапноста до природното наследство преку заеднички активности за развој на туризам и туристички активности во двете општини и зголемување на туристичките потенцијали во опфатениот прекуграничен регион. Активностите на проектот обезбедат заедничка туристичка понуда на манастирот Свети Јоаким Осоговски во Крива Паланка и Саат-кулата во Дупница. Овој пристап претставува иницијатива со која треба да се нагласи кохезијата на целиот прекуграничен регион како единствена понуда со цел зголемување на атрактивноста за туристите. Проектот ќе придонесе за воспоставување услови за културна размена меѓу луѓето, градење мостови помеѓу интересите и меѓусебните потенцијали за идна соработка и одржлив развој на конкурентска туристичка понуда преку заеднички активности. Дополнително, промоцијата на културното наследство во Дупница и Крива Паланка ќе се изврши преку современи технологии. Проектот предвидува создавање на платформа, каде што посетителите и туристите можат да најдат информации за спомениците на културата, настаните и другите атракции во двете општини. Освен самата презентација на двата споменика, ќе биде создадена исто така и ќе се имплементираат детални информации за нив - како се пронајдени, каква е историјата зад нив и друго. Информациите ќе бидат презентирани на 3 јазици - бугарски, македонски и англиски. Покрај постигнувањето на директни резултати, предвидените мерки ќе доведат до промовирање и утврдување на богатите културни и природни ресурси во регионот и ќе ја подигнат свеста на крајните корисници и засегнатите страни за потенцијалот за развој на алтернативни форми на туризам. Овој проект ќе има значително влијание врз планирањето на инвестициите во заедничкото културно наследство, бидејќи ќе обезбеди алатки и знаење за тоа како да се привлечат повеќе средства од ЕУ за зачувување и искористување на заедничкото културно и историско наследство.
Во општина Крива Паланка беше изградена пешачка патека во должина од 163 метри и 722,29 метри од спортскиот комплекс кон манастирот Св.Јоаким Осоговски со изградба на корито на дол и беше поставена ограда, улично осветлување и изграден пешачки мост.
Проектните активности во општина Крива Паланка се реализирани.

Проект финансиран од Програмата „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ која ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери, во кој што учествува општина Крива Паланка. Проектот е во тек на реализација во фаза на организирање на форуми во заедницата.

Проект на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите

Поддршка за изработка на Планови за локален економски развој.

Проектот обезбедува поддршка на партнерските општини да ги развијат или ревидираат своите планови/стратегии за ЛЕР и да ги развијат или зајакнат своите технички вештини за ефективно спроведување. Проектот е во тек на реализација и е предвидено изработка на План /Стратегија за локален економски развој на општина Крива Паланка.

Во текот на 2022 година беше организиран работен состанок со дел угостителите од градот, во врска со активностите по програмата на „Кривопаланечко културно лето 2022", а кои се однесуваат на оддржување на XVII-Интернационален фолклорен фестивал Свети Јоаким Осоговски и Joy Fest – музичкиот фестивал и Новогодишниот базар.

Одделението за јавни дејности економски развој и информатичка технологија е во во текот на 2022 година беше во постојана соработка со Центарот за развој на Североисточниот плански регион при изготвување на апликации по објавени повици како и споделување на информации по одредени повици за ко-финансирање на грантови за претпријатија преку Бизнис центарот при Центарот за развој на Североисточен плански регион.

**Одделение за јавни дејности, економски развој,**
**информатичка технологија**